РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ОКТОМВРИ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Во октомври 2007 година, согласно Законот за прекршоци и врз негова основа донесените измени на Законот за Царинска управа, Царинската управа ги презеде надлежностите од судовите за водење на прекршочни постапки, изрекување прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки за сторен царински прекршок. Целта е побрзо и поефикасно решавање на прекршочните постапки во фунцкија на намалување на царинските прекршоци. Формирано е и делумно екипирано Одделение за прекршоци – Комисија за одлучување по прекршок и донесени се интерни акти за начинот и постапката на царинските органи при откривање на царинските прекршоци и издавање покана за плаќање глоба и платен налог, како и за формата и содржината на записникот за царински прекршок, поканата за плаќање глоба и платниот налог. Комисијата за одлучување по прекршок започна со работа на 1 октомври 2007 година.

Со цел операционализација на измените на Законот за административни такси, Царинската управа донесе интерни акти за начинот на наплата на административни такси, објаснувајќи ги подетално таксите кои ги наплаќаат царинските органи. Измената на Законот за административни такси ќе придонесе за олеснување, поедноставување и забрзување на постапката при издавањето на одобренија од страна на царинските органи заради големото намалување на висината на износот на таксата која се наплаќа при што останува единствена такса во висина од 500 денари (околу 8 евра) за одобренија и решенија кои ги издава царинскиот орган во писмена форма или на пропишан образец, или во висина од 300 денари (околу 5 евра) за одобренија во форма на службена белешка на царинската декларација.

Во насока на забрзување и олеснување на царинската постапка при увоз, Царинската управа подготви и до Министерството за економија достави предлог за измена на Законот за трговија. Предлогот предвидува елиминирање на задолжителната контрола на означувањето на стоката и техничките упатства како услов за увозно царинење, која ја врши Државниот Пазарен инспекторат и нејзино пренесување во внатрешниот промет, односно после постапката на увозно царинење. Предлогот предвидува и укинување на обврската на увозниците на електрични апарати пред постапката на увоз да доставуваат сертификат за техничка сообразност-атест (издаден од Институтот за стандардизација) пред царинскиот орган. Со предложените измени Државниот Пазарен инспекторат ќе врши контрола на стоката од аспект на безбедност на внатршниот пазар, после постапката на увозно царинење. Предложените измени на Законот за трговија се усвоени од страна на Владата на Република Македонија и се очекува истите да бидат донесени од страна на Собранието на Република Македонија и да стапат на сила од 01.01.2008 година.

Владата на Република Македонија донесе Одлука за предвремена примена на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија, од една страна и Европските заедници и нивните земји членки, од друга страна, која овозможува предвремена примена на Протоколот 4, во кој со измените на

членот 3 и членот 4, во одредбите за кумулација покрај материјалите со потекло од Заедницата и Република Македонија се вклучени и материјали со потекло од земјите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација на Европската унија и материјали со потекло од Турција на кои се однесува Одлуката бр. 1/95 на Советот за асоцијација на ЕЗ и Турција (за индустриски производи). Тоа овозможува елиминирање на трошоците за увозни давачки и зголемена конкурентност на македонските производи произведени со репроматеријали увезени од Турција, посебно текстилни, при извозот во Европската унија. Царинската управа започна со примена на предметната одлука.

Во делот на активностите за постигнување на интероперабилност со информатичките системи на Европската унија, Царинската управа до Европската агенција за реконструкција (ЕАР) достави барање за добивање на техничка асистенција за изработка на корисничките и техничките барања во Системот за процесирање на царински декларации (CDPS) врз чија основа треба да биде распишан тендер за набавка на софтверското решение. Четворица ИТ и царински експерти треба да бидат ангажирани од страна на ЕАР и започнат со работа во Царинската управа во првата половина од ноември оваа година.

Во октомври 2007 година наплатени се 4.793 милиони денари (околу 78 милиони евра), на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 988 милиони денари (околу 16 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.723 милиони денари (околу 60,5 милиони евра) на име ДДВ и 82 милиони денари (околу 1,3 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 61%.
Во периодот јануари-октомври 2007 година Царинската управа наплати вкупно 33.639,7 милиони денари (околу 547 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 5.447,6 милиони денари (околу 88,6 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 27.450 милиони денари (околу 446,4 милиони евра) на име ДДВ и 742 милиони денари (околу 12 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со истиот период 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 27,42%.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во октомври 2007 година Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Во соработка со Министерството за енергатика на САД/Национална управа за нуклеарна безбедност преку нејзината Меѓународна програма за непролиферација и контрола на извозот, организирана е „Обука за безбедност при контрола“ од 01-04.10.2007 година во Скопје. На обуката учествуваа 10 царински службеници.
- Царинската управа во соработка со Царинската администрација на Република Франција организираше практична обука за „Безбедност при контрола“ со експерти од Франција. Обуката се одржа од 01 до 05.10.2007 година и на неа учествуваа вкупно 20 царински службеници од Секторот за контрола и истраги.
- Во рамки на билатералната Твининг програма со Холандската царина, Царинската управа во текот на октомври организираше три истоветни обуки за основи на сметковдство, наменета за царинските работници. Обуките ги изведоа предавачи од Pricewaterhouse Coopers, а на нив учествуваа вкупно 69 царински службеници. По завршувањето на обуките предвидено е полагање на испит по сметководство за сите учесници на обуките.

- На 08.10.2007 година одржана е работилница со 3 обучувачи за подготовка на модулот за примарен и секундарен преглед за основната обука. На 16.10.2007 година одржана е и работилница со 7 обучувачи за подготовка на модулот за закони и прописи кои се користат во царинското работење.
- Во соработка со Мисијата на OSCE, на 08.10.2007 година 2 царински службеници учествуваа на презентација на тема „Јакнење на јавната свест за владеење на правото“.
- Одделението за обуки при Царинската управа на 09.10.2007 година организира и изведе „Обука за менторство“ за вкупно 13 учесници.
- Во соработка со Амбасадата на САД одржани се 2 обуки на тема “Идентификација на дрога и вештини на интервјуирање“. Обуките се одржаа од 01 до 05.10.2007 година во Скопје и од 15 до 19.10.2007 година во Охрид. На двете обуки учествуваа вкупно 9 царински службеници.
- Во рамките на КАРДС Програмата на семинарот за борба против корупција организиран од Одделението за борба против организиран криминал и корупција и Јавно обвинителство, кој се одржа од 24 до 26.10.2007 година, во Академијата за обука на судии и обвинители, учествуваа 2 царински службеници.
- Царинската управа во соработка со КАФАО-МАК Мисијата на 30.10.2007 година организираше обука за водење на електронска база за вработените во Царинската управа. На обуката учествуваа вкупно 12 царински службеници од Секторот за управување со човечки ресурси.

Во текот на октомври 11 царински службеници учествуваа на состаноци, семинари, обуки, конференции и студиски посети одржани во странство, како дел од меѓународни проекти и соработка со меѓународни институции и агенции:

- Тројца претставници од Царинската управа учествуваа на „Работилница за Презентација на најновите достигнувања на македонската царина и размена на искуства„ одржана во Брисел, Белгија.
- Еден претставник од Царинската управа учествуваше на работилница на тема „Научени лекции во промоцијата на прекуграничната соработка во областа на стратегиите и акциониот план за интегрирано гранично управување„ одржана во Белград, Србија.
- На „Семинарот за размена на искуства во поглед на инструментите за олеснување на трговијата на Светската царинска организација„ одржан во Москва, Русија, учествуваше еден претставник од Царинската управа.
- Врз основа на покажан особен успех во обуката за „Право на индустриска сопственост„ еден царински службеник од страна на организаторот на обуката беше упатен на студиска посета на Центарот на меѓународни студии по право на индустриска сопственост на Универзитетот Роберт Шуман во Стразбур, Франција.
- Учество на состанок за договарање на активности за 2008 година на Националните контакт лица во состав на RILO ECE, како и подобрување на соработката помеѓу земјите членки во однос на размена на информации.
- Со цел подобрување на меѓуграничната соработка направена е посета и запознавање со начинот на постапување во делот на интелектуалната сопственост на Царинската служба на Република Грција.
- Директорот на Царинската управа, во периодот 25-26.10.2007 година присуствуваше на Crans Montana Forum во Монте Карло, Монако. Форумот беше со тема “Транснационален криминал”, а соодветно на дискутираните теми, директорот придонесе со своја презентација во која стави акцент на корупцијата и резултатите од справувањето со неа во рамките на Царинската управа.

Во овој месец Царинската управа во започнаа обуки за нововработените царински службеници, и тоа:

- Воведен курс за 17 нововработени царински службеници и
- Основна обука за виш цариник која ја следат 16 царински службеници, а која се однесува на законските прописи кои се применуваат во царинското работење.

Двете обуки се изведуваат во согласност со програмите за стручно оспособување на нововработените царински службеници и истите ги изведуваат обучени обучувачи и царински службеници од Царинската управа кои работат на соодветните стручни области.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во октомври 2007 година директорот на Царинската управа и претседателот на Синдикалната организација на Царинската управа потпишаа Кодекс на однесување во Царинската управа како составен дел на Колективниот договор за работни односи во Царинската управа. Во Кодексот се утврдени основни принципи на однесување и работење при извршување на работните задачи: лична одговорност, почитување на правото, непристрасност, односи со странките, подароци, награди и друг вид на корист, избегнување на судир на интереси, политички активности, однесување со работи поврзани со пари, доверливост и употреба на службени информации, употреба на средствата за работа и за легитимирање, работна средина, однесување во приватниот живот и дисциплинска одговорност.

Во текот на октомври 2007 година менаџментот на Царинската управа ја усвои Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа со Акционен план со рокови за имплементација на целите на Стратегијата.

Во октомври 2007 година Одделението за внатрешни истраги реализираше 19 истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации. За спроведените истраги изработени се 4 службени информации и 11 службени белешки[1]. Во истиот период Одделението за внатрешна инспекција изврши контрола во повеќе организациони единици на Царинската управа и изготви 2 извештаи..

Одделението за внатрешна ревизија изврши 3 ревизии:
- ревизија на регуларноста на постапката за јавна набавка на четири рентген системи за контрола на возила со големи димензии и контејнери со која се констатирани пет наоди и дадени се шест препораки,
- ревизија на регуларноста на постапката за јавна набавка на униформи со која се констатирани два наоди и дадени се две препораки и
- Ревизија на регуларноста на постапката за јавна набавка на компјутерски софтвер за наплата во со која е констатиран еден наод и дадена една препорака.

Во истиот период во Царинската управа реализирани се 11 дисциплински постапки против 11 царински службеници. Во осум случаи донесени се решенија за престанок

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

на работен однос со Царинската управа, а во еден случај изречена е мерка за парична казна на царински службеник.

## 4. Транспарентност

Во октомври 2007, од вкупно добиените 7.518 повика или во просек 242 повика на ден преку отворената царинска линија 197:

- 7 повика се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
- 12 повика се Б класа (информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 24 повика се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) .

До гранична полиција упатени се вкупно 357 барања (за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез), а до Дежурниот центар за состојби при Министерството за внатрешни работи упатени се 12 барања. На сите упатени барања е добиен одговор.

Во делот на континуирано зголемување на транспарентноста во информирањето на вработените и пошироката јавност, во текот на октомври, на интранет порталот на Царинската управа, објавени се 45 информации, додека на официјалната интернет страница објавени се 75 информации, на македонски, англиски и албански јазик.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

Врз основа на разузнавачки информации и анализи на ризикот, специјалните мобилни единици, во октомври 2007 година извршија преглед на 367 камиони, 42 автобуси, 468 автомобили или на вкупно 877 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, текстил, странски средства за плаќање, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки). Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење при што, вкупно се запленети:

- 60.700 парчиња цигари
- 16,5 литри алкохолни пијалоци
- 123.256 парчиња текстилни производи и облека
- 306 пара обувки
- 274 парчиња автомобилски делови
- поголема количина медицински материјал - 1.500 парчиња нерв игли, 2.000 парчиња аспиратори за плунка, 10 емајл блу перпаратор, 288 четкици за полирање заби, 255 разни гумици за полирање заби, 230 пакувања антибиотици, 1.980 таблети Viagra, 112.740 парчиња хигиенски ракавици, 2.500 хигиенски маски за лице, 3.000 заштитни полопропиленски капи и 529,35 литри масло природен производ Феноменал (4.995 шишенца од 100 мл , 195 шишенца од 50 мл и 1.005 шишенца од 20 мл)
- 300 килограми шампон за коса и 395 килограми средства за чистење

- 150 запалки Samran
- 16 сета запалки Lobon
- 1.000 парчиња појаси за тело
- 1.190 парчиња футроли за мобилни телефони
- 58 парчиња телефони
- 76 кг фотографска хартија
- 1.600 метри лента за изолација на прозори
- 100 килограми најлон кеси
- 470 парчиња продолжни електрични кабли од различен тип
- 18.931 парчиња кујнски прибор (ножеви, лажици, филџани, чаши, послужавници, тенџериња, тави, цедалки и сл.)
- 2.076 парчиња керамички украси
- 948 парчиња чадори
- 384 парчиња новогодишни сијалици
- 230 парчиња пластични четки
- 190 парчиња батериски лампи
- 170 парчиња слики за ѕид
- 120 парчиња метални сталажи
- 100 парчиња кофи за лед
- 65 парчиња фудбалски топки
- 79.800 евра,
- 6.250 УСД и
- 166.700 денари (околу 2.700 евра).
-

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, Царинската управа поднесе вкупно 239 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 20 барања по прекршочна пријава за возила од Министерството за внатрешни работи, 25 барања по записник за царински прекршок од Секторот за контрола и истраги и 194 барања по записник за царински прекршок од царинските испостави и служби за надзор на иматели на одобренија. Исто така, поднесени се 13 пријави за покренување за кривична постапка, против 14 физички лица и 5 правни лица.

На 09.10.2007 година беше спроведено уништување со горење на 152.600 парчиња цигари и 100 парчиња пури, како и уништување со кршење и гмечење на 155,2 литри (нето) алкохолни пијалоции и 72 лименки пиво. Стоката што беше уништена преставува стока која е отстапена со изјави во корист на државата во текот на 2007 година, а која според член 87 став 1 од Царинскиот закон се уништува.

При спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во октомври 2007 година Царинската управа спречи 33 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 8.536 парчиња различна стока со следната структура:

- 1.264 парчиња со лого на трговската марка ADIDAS (91 пар патики, 84 пара детски патики, 1.057 пара тренерки и 32 парчиња блузи),
- 1.253 парчиња со лого на трговската марка NIKE (25 парчиња долни тренерки, 504 пара патики, 720 пара чорапи, 4 пара тренерки),
- 1.332 парчиња со лого на трговската марка PUMA (136 парчиња блузи, 22 парчиња долен дел тренерки, 1.140 пара патики, 34 пара тренерки),
- 252 парчиња со лого на трговската марка CONVERSE (45 парчиња блузи, 70 парчиња фармерки, 22 пара патики, 115 пара тренерки),
- 118 парчиња со лого на трговската марка REEBOK (22 парчиња фармерки и 96 пара патики),

- 24 пара патики со лого на трговската марка KAPPA,
- 149 парчиња со лого на трговската марка HUGO BOSS (106 пара чорапи и 43 парчиња долен веш),
- 353 парчиња со лого на трговската марка ARMANI (5 парчиња блузи, 72 пара фармерки, 26 парчиња долен веш, 214 парчиња ремени, 8 парчиња рачни часовници, 4 парчиња кошули и 24 пара тренерки),
- 803 парчиња со лого на трговската марка D&G (211 парчиња блузи, 54 парчиња фармерки, 436 парчиња ремени, 28 парчиња рачни часовници, 5 парчиња часовници, 69 пара тренерки),
- 603 парчиња со лого на трговската марка DIESEL (40 пара фармерки, 561 парче ремени и 2 парчиња рачни часовници),
- 32 парчиња ремени со лого на трговската марка REPLAY,
- 264 парчиња со лого на трговската марка LACOSTE (12 парчиња маици, 43 пара фармерки, 29 парчиња блузи, 7 парчиња кошули, 4 парчиња ремени, 41 парче рачни часовници и 128 парчиња ѓонови за обувки),
- 31 парче блузи со лого на трговската марка TOM TAYLOR,
- 93 парчиња со лого на трговската марка TOMMY HILFIGER (77 парчиња блузи и 16 парчиња рачни часовници),
- 25 пара фармерки со лого на трговската марка EMPORIO ARMANI,
- 9 парчиња рачни часовници со лого на трговската марка GUCCI,
- 1 парче рачен часовник со лого на трговската марка CHANEL,
- 460 парчиња јакни со лого на трговската марка CHRISTIAN DIOR,
- 20 парчиња долен веш со лого на трговската марка CALVIN KLEIN,
- 284 парчиња со лого на трговската марка NOKIA (280 парчиња батерри и 4 парчиња слушалки за мобилни телефони),
- 305 парчиња со лого на трговската марка SONY PlayStation (95 парчиња палки и 210 парчиња Fun Station),
- 861 парче резервни делови со лого на трговската марка MERCEDES (450 парчиња држачи за регистарски таблици, 130 парчиња знаци-трокрак, 112 парчиња патосници-тафтувани, 80 парчиња штитници за кал, 29 парчиња рачки за менувач, 60 пара тренерки).

Во октомври 2007 година прифатени се 2 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за MONA и REPLAY. Истовремено, поради непочитување на одредбите од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост од страна на една домашна компанија, Царинската управа отповика две регистрирани барања за преземање на царински дејства.

На 08.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на вкупно 40.902 парчиња чорапи, кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, се потврди дека се фалсификат и претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока што се уништи се состоеше од: 18.780 парчиња чорапи со ознака на трговска марка NIKE, 15.552 парчиња чорапи со ознака на трговска марка ADIDAS и 6.570 парчиња чорапи со ознака на трговска марка PUMA. Фалсификуваната стока се уништи под царински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапниците на овие брендови.

На 09.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на вкупно 7.914 парчиња разновидна стока која по завршување на постапката согласно Законот за царинаки мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, се потврди дека се фалсификат и претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост.

Предметната стока што беше уништена се состоеше од: 6.000 парчиња долен веш со ознака на трговска марка NIKE, 1.770 парчиња патики со ознака на трговска марка NIKE и 144 парчиња фудбалски топки со ознака на трговска марка NIKE. Фалсификуваната стока се уништи под царински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапникот на брендот и претставници на медиумите.

На 19.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на 3.267 парчиња разновидна стока кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, се потврди дека е фалсификат и истите претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока што беше уништена се состоеше од: 1.180 парчиња фудбалски топки со ознака на трговска марка PUMA, 840 пара патики со ознака на трговска марка PUMA, 540 парчиња фудбалски топки со ознака на трговска марка ADIDAS, 360 парчиња парфеми со ознака на трговска марка D&G, 270 парчиња парфеми со ознака на трговска марка CHANEL, 72 пара патики со ознака на трговска марка ADIDAS и 5 парчиња маици со ознака на трговска марка D&G. Фалсификуваната стока се уништи под царински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапниците на брендовите.

На 22.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на 2.212 парчиња разновидна стока кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, се потврди дека е фалсификат и истите претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока што беше уништена се состоеше од: 560 парчиња фармерки со ознака на трговска марка D&G, 490 парчиња кошули со ознака на трговска марка D&G, 320 парчиња маици со ознака на трговска марка PUMA, 186 парчиња фармерки со ознака на трговска марка DIESEL, 150 парчиња кошули со ознака на трговска марка VERSACE, 120 парчиња парфеми со ознака на трговска марка LANCOME, 106 парчиња фармерки со ознака на трговска марка TOMMY HILFIGER, 100 парчиња блузи со ознака на трговска марка PUMA, 90 парчиња ташни со ознака на трговска марка D&G, 60 парчиња блузи со ознака на трговска марка ADIDAS, 15 парчиња долен веш со ознака на трговска марка D&G, 15 парчиња долен веш со ознака на трговска марка TOMMY HILFIGER.

На 29.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на 1.713 парчиња разновидна стока кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, се потврди дека е фалсификат и истите претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока што беше уништена се состоеше од: 630 парчиња чорапи со ознака на трговска марка ADIDAS, 523 парчиња парфеми со ознака на трговска марка TOMMY HILFIGER, 133 парчиња долен веш со ознака на трговска марка D&G, 107 парчиња фармерки со ознака на трговска марка D&G, 85 парчиња рачки за менувач со ознака на трговска марка MERCEDES BENZ, 60 парчиња торбици за камера и 60 парчиња торбици за фото-апарат со ознака на трговска марка CANON, 48 парчиња маици со ознака на трговска марка D&G, 37 парчиња маици со ознака на трговска марка TOMMY HILFIGER, 30 парчиња метални знаци со ознака на трговска марка MERCEDES BENZ.

На 31.10.2007 година Царинската управа спроведе уништување на 3.090 парчиња разновидна стока кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, се потврди дека е фалсификат и истите претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока што беше уништена се состоеше од: 975 парчиња рачни часовници

со ознака на трговска марка PUMA, 920 парчиња рачни часовници со ознака на трговска марка DIESEL, 550 пара патики со ознака на трговска марка ADIDAS, 274 пара патики со ознака на трговска марка NIKE, 204 парчиња маици со ознака на трговска марка DIESEL., 144 парчиња маици со ознака на трговска марка D&G, 20 парчиња маици со ознака на трговска марка TOMMY HILFIGER, 2 парчиња шорцеви со ознака на трговска марка ADIDAS, 1 парче шорцеви со ознака на трговска марка PUMA.

Во октомври 2007 година Царинската управа донесе вкупно 653 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 202.823.765,00 денари (околу 3,3 милиони евра).

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

На 03.10.2007 година Министерството за финансии на Република Македонија и The Crown Agents for Oversea Governments & Administrations Limited United Kingdom потпишаа Договор за ангажирање на компанијата во Царинската управа. Ангажманот на Crown Agents е со цел модернизација и зголемување на капацитетот на Царинската управа, олеснување на законската трговија и креирање на позитивна средина за домашни и странски инвестиции, значително намалување на корупцијата во царината, подобрување на севкупната ефективност на Царинската управа во согласност со барањата за пристапување кон Европската унија, како и со цел значително зголемување на царинските приходи во текот на траењето на договорот (2 години) преку подобрување на почитувањето на регулативата и намалување на раширеноста и последиците од сивата економија.

Царинската управа и Светската царинска организација потпишаа Договор за авторско право за превод, печатење и дистрибуција на македонски јазик на три публикации: Рамка на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија, Прирачник за Ревидираната Кјото конвенција и Поимник на меѓународни царински термини. Објавувањето на трите публикации е дел од Стратегијата на Царинската управа за приближување на инструментите на Светската царинска организација кон сите учесници во царинската постапка, подобрување на транспаретноста во работењето и зголемување на административниот капацитет на Царинската управа.

На 10.10.2007 година, Царинска управа и Друштвото за воздушна пловидба Македонски авиотранспорт АД Скопје (МАТ) потпишаа Меморандум за соработка. Главни цели на Меморандумот за соработка се непречено, редовно и безбедно одвивање на воздушниот сообраќај, потребата за взаемна соработка заради примена на царинското законодавство, законот за воздухопловство и меѓународните стандарди и препораки кои се однесуваат на воздушниот сообраќај, како и поефикасна соработка помеѓу двете страни за спречување на кршењето на царинското законодавство и недозволената трговија.

На 16.10.2007 година, Царинската управа ја посетија повеќе новинари од земјите членки на Европската унија, акредитирани од страна на Европската комисија во Брисел. Цел на посетата беше запознавање со напредокот што Царинската управа го има остварено во процесот на пристапување кон Европската унија, пред да биде објавен годишниот извештај за напредокот на Република Македонија. По тој повод, Царинската управа ги презентираше постигнатите резултати во изминатата година, со посебен осврт на организациската поставеност на Царинската управа, усогласувањето на националното законодавство со acquis communautaire, зајакнување на

институционалниот капацитет на Царинската управа (стратегии, обуки, ИКТ системи), спречување на нелегалниот увоз, извоз и транзит, заштита на правата од интелектуална сопственост, животната средина и општеството, борбата против корупција, наплата на приходи. Посебен акцент беше ставен на тековните и планираните активности со чија реализација Царинската управа би ги достигнала стандардите на современа царинска служба.

Во текот на октомври Царинската управа беше вклучена во активностите на Светската царинска организација и SECI центарот, и тоа: меѓународна операција ATAMAN борба против трговија со дрога во поштенски пратки, проект SEZAM за анализа на заплени на парични средства и меѓународна операција LOGO за борба против трговија со синтетички дроги.

Во периодот од 15 до 22.10.2007 беше реализиран проектот "Laufzettel", мерење на времето на проток на граничните премини Блаце-Хани Елезит (на македонско-српската граница, во делот со Косово). Реализацијата на проектот е во согласност со заклучоците од состанокот на работната група за постапки и административни капацитети во рамките на царинска прекугранична соработка меѓу државите во Југоисточна Европа одржан во Љубљана (Република Словенија) на 20-21.10.2005 година, а во врска со активностите за Европска интеграција и препораките од Европската комисија.

По доставено барање до Европската комисија, Царинската управа доби авторизација за пристап како читач до IILIADe (подгрупа на Групацијата на европски царински лаборатории), со што се унапредува и олеснува начинот на обезбедување на стандардизирани аналитички методи по кои се вршат анализите за царински потреби.